**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шестото продолжение на Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 29 март 2000 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Саво Климовски претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам, како што е вообичаено пред почетокот на седницата притиснете на едно од копчињата на системот за гласање да го утврдиме бројот на присутните во салата.

Значи, притиснете на едно, било кое од копчињата, за да видиме дали имаме доволен број на пратеници?

Имаме 62 пратеници во салата, а другите во меѓувреме ќе пристигнат.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Вчера ја прекинавме седницата кај точката 15, односно продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Законот за здравствено осигурување.

Притоа, водевме расправа по амандманот на член 34 за додавање нова алинеја 5 по алинејата 4, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани, Кастриот Хаџиреџа и Аслан Селмани.

На екранот, за дискусија по ред се пријави господинот Хисни Шаќири.

Процедурално г-динот Бузлевски бара збор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, и вчера, при крај на седницата, кога заклучивте г-дине претседателе се јавив да интервенирам, но мислам дека и денеска не е задоцнето, на исказот на министерот.

Мислам дека и вие како претседател на ова Собрание треба да интервенирате соодветно, на она што беше кажано од моја страна.

Го имам стенограмот. Министерот вчера кажа следно: "Морам да интервенирам, затоа што изгледа никој овде во салата не е свесен". Тоа мислам се однесуваше на пратениците.

Не сакам да зазвучи и ова патетична, но изгледа никој не е свесен за круциалниот, стратешки значај на овој закон денеска што е пред нас и што треба да се донесе.

Во интерес на дигнитетот на Парламентот, мислам дека една ваква реченица искажана од страна на министерот, треба да се повлече или пак Парламентот да интервенира, соодветно како вие ќе оцените претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За свесноста на значењето на овој закон покажуваме со самиот факт што се одржаа 9 седници на Комисијата, што се гледаше практично како мал Устав во областа на една дејност, што ја одлагавме точката од неколку седници и ја остававме да биде последна за да има време да се води расправа, што водевме, практично, целодневна расправа во текот на вчерашниот ден, не знам денеска кога ќе завршиме, па според тоа јас мислам дека ова е или лапсус, веројатно не е со намера од страна на министерот и јас го молам да се произнесе.

**ДРАГАН ДАНАИЛОВСКИ:**

Мошне долго се расправаше, имаше доста, така да речам, искричави дискусии, така што ако употребив експресија, израз "никој не е свесен", навистина со тоа не сакав да го нарушам и да го навредам да го повредам дигнитетот на ниту еден пратеник овде, било од која партија да се наоѓа. Така што, навистина, тоа беше во жарот на битката речено, можеби не беше најпрактично избран изразот.

Ако ви значи нешто го повлекувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално збор побара г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Деловнички е повеќе и не е во врска со ова што сега се одвива како тековна расправа.

Сакам да го известам претседателот на Собранието и пратениците дека во интерес на побрзо завршување на расправата по законот и неговото гласање, Пратеничката група на СДСМ, со оглед дека веќе нема амандмани од нас поднесени, ги повлекува сите дискусии пријавени во моментов и до крајот нема да има дискусии од СДСМ. Се разбира, само ќе гласаме по амандманите. Ќе имаме и една дискусија пред изјаснувањето на законот, со цел да кажеме, деловнички, како ќе се изјасниме.

Се разбира, со ова сакам да придонесам и другите пратенички групи, доколку ние од опозицијата се повлекуваме од дискусии, побргу да завршиме по Законот.

Едновремено, не сакам ова да се сфати како можност, ако ние се повлекуваме од дискусии, дека може на наша сметка молчењето да се злоупотреби и секакво прозивање, да кажам, на нашата пратеничка група, по било кој основ ако оцениме дека треба да дадеме одговор на таквото прозивање, тоа право го задржуваме. Би ги замолил пратениците да се воздржат од толкување на било какви ставови на СДСМ во иднина.

Со тоа се повлекуваме од дискусија до крајот на расправата. Се разбира, имаме ставови по законот и ќе гласаме по амандманите. Ова е за побрза работа. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска има збор процедурално.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас можам да му заблагодарам на координаторот во врска со ваквиот конструктивен пристап кон работите, од причина што навистина законот треба брзо да се донесе.

Мојата забелешка беше по повод првото јавување. Не гледам ништо страшно, ниту пак рушење на дигнитетот на ова Собрание, доколку некој побара овој законски проект, што е во рамките на некоја зацртана здравствена политика што се договара со Светската здравствена организација да биде донесен во некој определен рок.

Напротив, министерот беше многу културен оти рече дека, свесни за величината на овој законски проект, треба да го донесеме во некои рокови, а вистина оваа седница на Собранието беше повеќе пати одлагана и заради тоа се пробија роковите. За жал, ова Собрание имаше рушење на дигнитетот од пратеници на сите пратенички групи, вклучително и нашата, многу полошо отколку една замолница ова да се заврши во еден ден. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да не навлегуваме во тоа.

Мислам дека предлогот на г-динот Поповски е многу конструктивен.

Да видиме, господине Карангелески дали и вие во тој стил ќе кажете?

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед дека координаторот на СДСМ се произнесе дека ги повлекува, односно дека ќе ги повлечат сите дискусии од пратениците кои вчера се пријавија и пратениците од ДА ги повлекуваат своите дискусии, бидејќи доста беше кажано, исцрпно кажано и во јавната расправа и по амандманите во врска со Законот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш нема да ги прозивам пратениците што се од ДА, а пријавени се на екранот, исто и од СДСМ.

Ќе одиме со оние кои остануваат на екранот од другите партии.

Г-динот Хисни Шаќири бара збор.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Со оглед на фактот дека голем број на пратеници се изјаснија дека треба да се повлечат од дискусиите, сметам дека е ред и нашата пратеничка група да се повлече.

Но, во моментов, сакам да кажам една работа. Вчера, по овој амандман имаше голема расправа, особено од опозицијата, што ме изненади. Тоа беше жестока расправа. Во неа не гледам ништо чесно, бидејќи опозицијата во врска со овој закон не расчистил во својот мандат една дилема, една голема неправда на граѓаните на РМ кои, со досегашното законско решение немале право на здравствено осигурување.

Овој закон веќе прави чекор напред во поглед на здравствено осигурување на сите граѓани и како таков, мислам дека и од страна на опозицијата, би било многу во ред, да се каже многу искрено и сите работи што се во интерес на граѓаните.

Поради тоа, ние не сакаме да учествуваме понатаму во дискусијата.

Во конкретниов случај предлагачот на амандманот да го повлече амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Хисни Шаќири.

Ќе ве молам, од екранот избришете го г-динот Стојан Андов кој не е тука, г-динот Никола Јованов во име на пратеничка група ја повлекува дискусијата, сега е на ред, г-динот Чедо Краљевски бара збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, во духот на претходните говорници, заради итноста за донесување на овој Закон и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ги повлекува пријавените дискусии.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, пријавени за дискусија останаа само пратениците од ПДП.

Збор има г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Се повлекувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Абдулади Вејсели, не е тука, Насер Зибери не е тука, и останува г-динот Иљаз Сабриу.

Г-динот Сабриу се повлекува.

Ако е така, тогаш го заклучувам претресот по овој амандман и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

18 пратеници гласаа "за", 6 се воздржани, а 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 за додавање нова алинеја 5 по алинејата 4, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани, Кастриот Хаџиреџа и Арслан Селмани.

Процедурално г-динот Наќе Стојановски бара збор после гласањето.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, не ми се даде можност да се изјаснам. Не гласав. Времето беше кратко, барав во материјалите и не гласав. Немав можност да гласам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако вие не ме следите, јас не можам секому посебно да кажувам дека се гласа.

Седницата тече, јас кажав "ве молам да гласаме", имаме 15 секунди, а ваше право е дали сте гласале или не сте гласале.

Одиме понатаму.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Само барам можност да гласам.

Сакам да кажам дека јас го поддржувам амандманот, бидејќи ја испуштив можноста да гласам и тоа да биде нотирано во стенограмот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ќе биде нотирано.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 57, поднесен од пратениците Илјаз Сабриу и Кастриот Хаџиреџа.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДРАГАН ДАНАИЛОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Г-динот Илјаз Сабриу побара збор.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер, со колегата Кастриот поднесовме амандман на член 57, кој гласи дека директорот на Фондот има и заменик.

Мислам и ценам дека со овие законски одредби, со овој Закон Фондот е формиран како самостојна, независна и со зголемени ингеренции и одговорности на ниво на Републиката, а со тоа исто така мислам дека во овој Фонд се присутни доста голем износ на средства, голем број на вработени било во Централната администрација во Скопје, а сито така и во подрачните единици во поголем број општини на РМ.

Заради ефикасно извршување на работите и другите обврски на директорот на Фондот, а одејќи по аналогија и на другите фондови во РМ, ценам дека има потреба директорот да има и заменик директор, кој ќе го заменува во било кое време и ќе помага во извршувањето на неговите задачи.

Ги молам пратениците, доколку го прифаќаат ова образложение, да го прифатат и овој амандман. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Илјаз Сабриу за учество во расправата.

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

25 пратеници гласаа "за", 4 се воздржани, а 44 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 57, поднесен од пратениците Илјаз Сабриу и Кастриот Хаџиреџа.

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 1, за менување на воведната реченица и на ставот 2, поднесен од пратениците Илјаз Сабриу и Кастриот Хаџиреџа.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДРАГАН ДАНАИЛОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

14 пратеници гласаа "за", 6 се воздржани, а 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 59 став 1 за менување на воведната реченица и на ставот 2, поднесен од пратениците Илјаз Сабриу и Кастриот Хаџиреџа.

Дами и господа пратеници, во меѓувреме пратениците Чедомир Краљевски и Ѓорѓи Котевски поднесоа амандман на член 56 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела, меѓутоа амандманот не е поделен.

Според тоа, нам не ни преостанува ништо друго, бидејќи повеќе амандмани немаме, освен да се почека да се подели, мора да се подели, мора да го добиете, да го погледнете.

Ме информираа дека има уште еден амандман.

Тогаш, давам половина час пауза.

(По паузата седницата продолжи во 13,25 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Во меѓувреме пратениците Чедомир Краљевски и Ѓорѓи Котевски го повлекоа амандманот на член 56 за додавање нов став 3 по ставот 2.

Истовремено пратениците Чедомир Краљевски и Ѓорѓи Котевски поднесоа нов амандман на член 56 за додавање нов став 3 по ставот 2.

Пратеникот Замир Дика поднесе амандман за менување на член 57 и на член 59 став 1, за менување на уводната реченица и на став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 56 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски и Ѓорѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 57, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 1 за менување на уводната реченица и на став 2, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот пратеник Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, почитуван министер, вчера на долго и широко се расправаше тука за одделни амандмани, поднесени од опозицијата и т.н., и бевме сведоци на неколку јавувања од страна на пратениците, кои што приговараа на опозицијата дека собраниската говорница се користи за партиски, односно политички маркетинг, што како забелешка беше сосема во ред.

Меѓутоа, сакам да Ви обрнам внимание дека истото тоа, но овој пат со помош на Владата, односно министерот го прави и позицијата. Вчера бевме сведоци дека министерот прифати еден амандман за кој предлагачот, односно еден од претставниците на предлагачите рече дека овој амандман можеше да помине и на Комисијата за здравство, меѓутоа ние се одлучивме тука да го дадеме, затоа што според него пак сакал граѓаните да знаат кој е предлагач и што прифаќа министерот, односно што се уредува со тој амандман, што ќе се согласите е во спротивност со ставот изнесен од неколку пратеници тука, дека при донесувањето на законите, односно во постапката за донесување на закони не треба да се раководиме од тесно партиски интереси, туку тоа што е интерес на државата, тоа што е содржина на законот и т.н.

Денеска го правиме истото и го правиме на најлош можен начин. Овие пратеници тука пред половина час не го прифатија амандманот поднесен од Илјаз Сабриу и Кастриот Хаџиреџа за изменување на членот 56 или 47, не е битно кој е. Тој амандман доби околу 23, 24, не знам колку гласови. Министерот не го прифати. После половина час имаме амандман со иста, буквално со иста содржина, без измена на ниту една запирка, само името на предлагачот.

Ако министерот се раководел од

идејата да фаворизира пратеник од Дебар, му ставам до знаење дека претходно еден од предлагачите беше од Дебар. Што е проблемот сега? Каде сме, каде одиме?

Јас сосема сум свесен дека ова мое укажување нема да измени ништо и тоа не е проблем. Проблемот треба да се бара кај Вас господа, со Вас нешто очигледно не е во ред, или да не бидам престрог, со одделни од Вас не е во ред. Затоа што ако амандманите, односно содржината на Законот се менува, или се прифаќа да се измени заради предлагачот или заради партиската припадност на предлагачот, Вие очигледно сте се определиле да водите сметка за партијата, за власта. Вие очигледно сте се откажале од грижата за државата.

Јас Ви обрнувам внимание дека, доколку на овој начин, односно и на овој начин ги уривате институциите на државата, Ве уверувам дека ќе немате каде да практикувате власт, каде да вршите власт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Абдурахман Алити.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Мислам дека сум должен да појаснам некои работи. Навистина ова испадна прилично парадоксално еднаш да не прифатам, па потоа истата содржина, но од други пратеници да прифатам од нив амандман. Навистина совршено го разбирам господинот Алити, дека предизвикува вознемиреност и јас да сум на негово место слично вака би реагирал. Но, еве за што се работи. Патем речено да кажам, со мене е се во ред, меѓутоа зошто дојде до една ваква ситуација. Морам да Ви кажам дека првиот пат кога изреагирав не прифаќајќи го амандманот, навистина сосема независно кој го предложил, тоа беше врз основа на она што јас го имав овде. Сега може некој да не обвини дека постојано сме некакви послушници на меѓународните фактори, тоа беше врз основа на она што беа укажувања од стручњаците од Светска банка во изминатиот период.

Меѓутоа, во паузата размислувајќи околу содржината на тој амандман, претпоставувајќи дека со промовирање на заменик кој што би бил прекрасен контролен механизам на некој начин совест на идниот директор на Фондот кој што знаме дека ќе биде автономен. Јас си дозволив да направам директна консултација со претставникот на Светската банка тука кај нас, а и ќе бидам по дециден во Вашингтон, не добив приговор, може и да се шегувате заради ова и така да речам, токму заради тоа се смени на некој начин целата работа. Не мораше тоа да оди со втор амандман, можевме да го изведеме со некаков по среќен така да речам начин, механизам кој што не би предизвикал ваква иритираност од поединци, но тоа е тоа. Јас се извинувам што непотребно така да речам се внесоа вознемирености со ваквата контрадикторност околу моето произнесување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Даниловски, министер за здравство за прифаќањето на упатената критика и извинувањето во врска со овој амандман.

Процедурална забелешка има господинот пратеник Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Пред да продолжи расправа по овој закон и по амандманите за овој закон, барам господинот министер како овластен претставник на Владата по овој закон, значи во име на предлагачот јасно и гласно и децидно пред овој Парламент да каже, дали има легитимитет и капацитет да се изјаснува по амандманите и да се изјаснува по законот, дали е ова суверена држава и дали овој Парламент навистина донесува одлуки кои што потоа се вградуваат во законската регулатива во Република Македонија. Ако го нема тој капацитет, тогаш нека покани некој од мисијата на Светската банка овде да биде присутен на седницата и директно со него да утврдуваме што е тоа што може да стане дел од правната регулатива во Република Македонија.

Инаку ова е бесцелно, произлегува, дека за секој амандман треба да направиме пауза, господинот министер да врти телефон и да прашува дали може, или не може да бидат вградени во законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Бранко Црвенковски.

Има збор господинот пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Со оглед дека овој амандман предизвика дискусија и од пратеници во Собранието, мислам дека министерот го прифати.

Мене ми е драго што го прифати мојот амандман и на господинот Кастриот Хаџиреџа и му се заблагодарувам на овој начин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илјаз Сабриу за потсетувањето, дека тоа беше негов амандман, таков каков што се прифати од страна на министерот.

Има збор господинот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Чинам и многу порано пред да настапи господинот Алити, имајќи ги на ум двата амандмани од господинот Замир Дика, со првиот амандман нема никаков проблем, според мое видување. Јас и на гласањето по амандманот што го поднесе господинот Илјаз Сабриу гласав со "за".

И вториот амандман мислам дека го нарушува текстот и дека во ваква формулација воопшто не може да биде составен дел. Тука ќе мора подобро да се обмисли како ќе изгледа реченицата, бидејќи појдовниот текст од Законот или од пречистениот текст што го имаме, има поинаква дикција. Инаку ги отфрлам овие нафрлања што ги слушаме дека овде во Македонија друг е носител на сувереноста. Ова е сепак нашиот претставнички дом и ние суверено ги носиме одлуките. Несреќни формулации не можат да бидат причина за нарушување на тој суверенитет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас бидејќи директно бев спомнат во контекстот со амандманот, сакам да кажам дека амандманот, вчера прифатениот амандман, навистина не беше политичка пропаганда.

Мојата дилема останува дали требаше на Комисијата, или на пленарна седница да го поставам и заради значењето на проблемот сметав дека треба на пленарна седница и тоа е мое деловничко право кое не може да се квалификува како политички маркетинг и кое исто така не може никој да ми го ускрати.

Меѓутоа, и овој пат како и вчера ќе кажам на хуманата димензија, бидејќи во тој амандман сакав да обрнам внимание на пратениците за хуманата димензија, бидејќи се работи за семејства и родители на загинатите војници во војната при распаѓањето на СФРЈ, тоа се околу 50-тина колку што знаеме и бидејќи покрај димензијата од аспектот на здравственото осигурување проблемот содржи и други димензии како што се аспектот на социјалното осигурување на тие фамилии, пензиско инвалидските проблеми и слично.

Затоа сметав дека амандманот треба да оди на пленарна седница. И пак ќе повторам со сето мое деловничко право, воопшто не сметам дека амандманот е ниту малку сличен со амандманот за политичките затвореници, бидејќи се работи за живи луѓе кои се уште живеат во Република Македонија и ги остваруваат и можат да ги остваруваат своите права.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние ја затворивме расправата.

Вие дискутирате.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Да го дообјаснам амандманот.

Господине претседателе, од говорницата пред малку од претходниот говорник беше изречено: дали сите пратеници се во ред. И можеби тука требаше да реагирате, а не во овој случај, бидејќи тоа беше директна навреда за сите нас пратениците. Меѓутоа, таквиот тип на искажани зборови, дали сите пратеници се во ред, повеќе зборува за карактерот и мислењето на оној што го искажува, отколку за пратениците.

Меѓутоа, јас уште еднаш сакам да кажам дека и деловничко право на пратеникот е како ќе го предложи амандманот и право на мнозинството е како ќе го изгласа и тоа е демократски принцип што важи во сите Парламенти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Златко Стојменов.

Има збор госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, без апсолутно никаква желба да ја вжештувам расправата по повод овој закон, бидејќи еве веќе сме при крај и ќе можеме да констатираме со задоволство дека донесовме според мене еден доста сложен, сериозен и многу значаен закон, кој што ќе функционира во Република Македонија. Сакам само да се изјаснам процедурално во врска со наведените забелешки од претходните дискутанти.

Прво, за мене е лично право на висока доблест и чест некој да признае ако направил грешка во размислувањето тоа да го признае јавно. Уште повеќе ако некој каже дека за тоа се консултирал и покрај тоа што не морал, се разбира, со претставник на Светската банка кој што не

е супервизор, меѓутоа добро е да ја знае содржината на законот кој што го носиме. Многу е лошо во овој Парламент некој само заради тоа што има искажано сопствено мислење, тоа се однесуваше на поголем број на пратеници овде, или барем на дел од пратеници како што кажа еден од дискутантите, кажа дека прво ние не сме во ред и дека ја рушиме државата. Напротив, правото на различно мислење со ништо не ја руши државата и уште полошо да се оспори суверенитетот на една држава кој што одамна е воспоставен уште со носењето на првиот Устав и што за жал тоа произлегува од страна на екс премиерот господинот Бранко Црвенковски.

Се разбира дека Република Македонија е суверена држава, оттогаш до сега ќе продолжи понатаму да биде без оглед дали ги прима сугестиите, или не од страна на Светската банка, од страна на Светската трговска организација, ММФ и други организации. Се разбира дека ние сме не задолжени, туку во случајот приморани да почитуваме и акцептираме дел од нивното мислење, меѓутоа ова Собрание носи самостојно одлуки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Ѓулистана Марковска.

За збор се јави господинот пратеник Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Се извинувам, нема да бидам многу долг, само сакам да дадам едно разјаснување. Од кога е почнато да се оценува како хумана грижата за починатите, а како нехумана грижата за живите луѓе, за тие што уште живеат, уште си работат и уште создаваат во оваа држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас не сакав да се јавам господине претседателе, но навистина она што го рече господинот Алити, беше многу ниско и направи две суштински грешки. Прво, во правна форма, бидејќи тој како правник не кажа ниту една правна забелешка што се однесува до поднесувањето на амандманот. Може во исто време двајца пратеници да пишуваат еден ист амандман и тоа со иста суштина и тоа да се стави во процедура.

Значи, немаше ниту една правна забелешка, но тоа беше како маркетиншка забелешка. А што се однесува до таа суштинската забелешка, господинот Алити ми се чини дека никогаш не го интересира суштината, туку формата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор С9 јави госпоѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, очигледно е дека голем дел од пратениците од парламентарното мнозинство вчера го следеле настапот на премиерот Георгиевски и ја прифаќаат неговата логика и тактика, а тоа е кога ќе Ви постават едно прашање и кога тоа прашање не сакате, или не знаете да го одговорите, тогаш најубаво е да одговарате нешто друго. И тоа денеска ни се случува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓице Шеќеринска, на 5 април премиерот ќе биде овде и ќе Ве молам зачувајте си го коментарот кога ќе биде премиерот овде.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас зборував за принцип, не зборував ниту за конкретно прашање, а пратеничките прашања точно е, после година дена најпосле реши Владата да не удостои со пратенички прашања.

Меѓутоа мислам дека и овде се гледа и покрај обидот денес да се дискутира за некои сериозни прашања, дали се тоа амандмани, дали се различни гледања по законот, дека пратениците на парламентарното мнозинство се оние кои што ја опструираат денешната седница. Јас не знам како вие го толкувавте фактот, дека голем дел на дискусии на пратеници од опозицијата се повлекоа токму поради тоа што сметавме, еве треба да ја привршиме или да ја завршиме некако расправата и бидејќи веќе ги кажавме нашите ставови да поминеме кон гласање.

Меѓутоа наместо тоа денес пратеници се навраќаат на сопствените амандмани, дискутираат за тоа кој што и како кажал, притоа заборавајќи дека првата квалификација за пратениците од денешната седница ја кажа заправо министерот, кој што беше присутен и во текот на вчерашниот ден и кој што доведе во прашање дали пратениците се свесни или не се свесни за одлуките и амандманите за кои што гласаа. Токму поради тоа сега не треба да се возбудуваме доколку некој го преформулира или повторно го постави тоа прашање.

Она што сакав дополнително да го прашам, заради што и се јавив за дискусија е мојот отпор, како пратеник, на крајот на краиштата како граѓанин на оваа држава, е

кон тоа Владата да се доведува во ситуација, не сега, нема да зборувам за послушна гарнитура, која што само сервира што треба, а што не треба да се направи, согласно со нечии одлуки или нечии мислења, туку отпор кон тоа Светската банка или било кои други институции кои присуствуваат, асистираат, помагаат на оваа држава, да ги претставуваме редовно во функција на бабароги. Секој пат министерот кога нема да знае што да каже за даден амандман или не сака да го прифати, а притоа нема добра аргументација, таа аргументација не ја дава, а таа аргументација сигурно постои и од страна на Светската банка, туку кажува, едноставно немате вие за што да размислувате, така кажуваат оние од Светка банка.

Меѓутоа, соработката на оваа држава со Светка банка треба да се базира на некои принципи и тие принципи се прифатливи и за тие институции заради тоа што сакаат да слушнат некои наши аргументи, сакаат да слушнат некое наше мислење. Наместо тоа оваа Влада целосно ја злоупотребува и функцијата на Светската банка во Македонија, ги злоупотребува и нејзините програми што треба да и помогнат на Република Македонија и едноставно ја користи како аргумент кој што и не постои.

Затоа би ве молела, доколку навистина постои некој проблем со амандманите кои што се поднесуваат и досега и отсега министрите да одговараат по прашањата кои ги поставуваат пратениците, а не секогаш да се повикуваат на некои институции или било кои личности.

Јас знам дека расправата по амандманите е готова и тука горе долу завршува работата, меѓутоа мислам како пратеници треба да се спротивставиме на ваквите однесувања на претставници од Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-цата Шеќеринска за учеството во расправата.

За збор се јави г. пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, претседателе на Собранието, јас сакам да интервенирам за оваа ново настаната ситуација и ова ќе биде последна интервенција што ќе ја дадам во смисла на заштита на дигнитетот на овој состав од Парламентот.

Јас се обидов од почетокот на работата на овој Парламент неколку пати да интервенирам. Мислев дека целисходно ќе помогнам да се ухода работата, поради дигнитетот и почитување на деловничкото работење на овој Парламент. Моја оценка беше дека бев погрешно сфатен овие неколку пати и едно време почнав да апстинирам од дискусија, после некои ваши лични навреди што ми ги нанесовте како пратеник, кои се забележани во стенографските белешки.

Мислам дека таа атмосфера во последно време вие ја увидовте и лично се обидовте на неколку пати да интервенирате во правец на тоа што јас на почетокот мислев да се залагам, да се подобри атмосферата во Парламентот и да се зачува неговиот дигнитет и достоинство. Вие направивте одредени напори во тој правец во најново време, по моја оценка. Но мислам дека од невнимание тоа некогаш пропуштате да го направите. И во конкретниот случај со овој амандман кој сега се усвои од министерот за кој формално - правно се е во род, според мене, а и според актите, нема никаква забелешка. основен проблем е што вие непосредно пред амандманот дозволивте со предлагачот да се консултирате на самиот пулт тука, а седницата тече, што е вон деловничките одредби да се убедувате тука како да се постапи и т.н. Коректно ќе беше, за зачувување на дигнитетот на Парламентот, затоа што во случајот се смета дека, видете јас како опозиција не би требало сега да реагирам по моја оценка. На некој начин треба да реагира позицијата претходно за истиот амандман гласаше против. Но нив присилно сега им се менува, по десет минути нивниот став што го имале. Претпоставка е дека свесно се определиле тогаш кога гласале за исти амандман, против. Сега, напротив, по десет минути го бранат, без никаква дополнителна аргументација.

Инаку јас мислам амандманот може да се земе како коректен и нема никаков проблем. Но неговата позадина е очигледна и се чита, лесно е читлива. Оттаму е манипулацијата со Парламентот. Во оваа смисла мислам вие требаше да реагирате, во смисла на тоа дека требаше, ако се имаше таков став да се усвои амандманот првиот пат кога беше даден без разлика од кој пратеник, ако е со иста содржина. Сега сепак останува чувството дека по тоа прашање овој Парламент е манипулиран и тоа не може со ништо да се брише. Оттука е моето реагирање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина ми е задоволство кога пратениците го анализираат моето однесување и кога некогаш не критикуваат, некогаш не пофалуваат, тоа е нормално.

Задоволство ми е тоа што г. Стојановски кој што ми е колега и правник, еве вака понекогаш укажува на некои пропусти од деловнички карактер, има поголемо искуство, повеќе време бил во оваа сала.

Ме изненадува фактот што однапред знае кои разговори со кого и зошто ги водам и еве овде ги изнесува јавно, иако искрено да ви кажам воопшто не разговарал со министерот за тоа. Но, затоа разговарав и тоа можам да ви кажам, и со г. Илјаз Сабриу и со г. Замир Дика и инсистирам двајцата да бидат потписници на тој амандман. Тоа инсистирав, затоа што во суштина ни запирка не се менува во тоа. А со министерот не разговарав ниту сакав да разговарам, бидејќи тој веќе еднаш се произнел по тој амандман. Барав да се обединат двајцата предлагачи и да бидат потписници на тој амандман.

Според тоа задржете си ги вашите предвидувања, да не кажам чии се и што се вакви предвидувања, кои со кого и зошто разговара. Не е тоа плодотворно. И ова е губење време сега што јас објаснувам зошто сум разговарал. Но, јас како претседател на Парламентот имам право или да ја прекинам седницата и да извршам консултации, или во одреден момент да не ја прекинувам и со било кој од вас да поразговарам за да создадам ред, мир и се тоа што треба во Парламентот.

Според тоа се обидувам, колку што можам по неутрално да ја вршам оваа функција, а лично инсистирам, тука се двајцата претставници да бидат потписници на тој амандман. Немаше усогласување, така отиде.

Да ви кажам и нешто друго г. Стојановски. Се до оној момент додека не кажам дека ја заклучувам расправата по текстот на Предлогот на законот, се до тој момент имате право да поднесувате амандмани, и се до тој момент јас треба да ја прекинувам седницата, да ги сочекам амандманите. Значи се уште може да се менува текстот на законот.

Според тоа немојте да сметате дека сите овие прекини што ги правам ги правам намерно. Напротив ми беа најавени. Ако сега ми најават дека се подготвуваат амандмани повторно ќе ја прекинам седницата. Но, добро, мислам дека се разбравме, примам одредени сугестии отворен сум за тоа и добро би било кога се добронамерни, а јас ги ценам како добронамерни вашите.

Реплика има г. Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Се откажав од реплика, само да кажам дека јас воопшто не ви упатив забелешка дека ја прекинавте седницата. Јас ви упатив забелешка конкретно, ниту упатив забелешка дека со министерот сте разговарале.

Јас упатив забелешка дека предлагачот на амандманот, во самиот тек на седницата разговараше на пултот со вас, тука, што не е деловнички дозволено г. претседателе, затоа што вие давате збор претходно на некого, а пратениците слободно приоѓаат на пултот и разговараат со вас. Во конкретниот случај беше предлагачот на амандманот, за кој се убедувавте дали да се усвои или не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Седницата не беше започната се уште.

Пред тоа разговаравме за други работи.

Но добро, вие така сте оцениле, во ред е.

Има збор г. пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, добро е што за одредени прашања овде не се согласуваме или имаме различен став во различити околности кога сме биле на позиција или во опозиција.

Јас тоа потполно го респектирам и не можам да сфатам луѓето од опозицијата, кога беа на позиција истите амандмани ги поднесуваа, околу Уставот на Република Македонија, околу други законски проекти и добро е што овде стана збор за дигнитетот на Собранието.

Јас би ве замолил претседателе, дигнитет не е само зборувањето и што ќе каже пратеникот во овој Парламент. Дигнитет е дали иде со излитени фармерки во овој Парламент и ќе ве молам во иднина таквите луѓе да ги отстранувате кои зборуваат со полна уста за дигнитетот на ова Собрание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Ѓорѓи Котевски.

Ве молам ако можеме по смирено да ја завршиме расправата.

Има реплика господинот Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам пак да интервенирам.

Сега слушнавме, упатена забелешка на лица кои не се присутни во Парламентот.

Очигледно г. мислеше на познатиот имиџ на г. Тупурковски и не би требало да се дискутира во Парламентот за тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Стојановски, јас пред малку ви одадов признание за тоа дека се обидувате да станете видовит човек и да предвидите што разговараме овде.

Очигледно го потврдувате тоа, па можеби во иднина ќе потврдите и секој што мисли кога доаѓа овде на говорница.

Има реплика г. Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Неколку пратеници спомнуваат овдека, дигнитет и на пратениците и на Собранието, а и на луѓе кои не се присутни.

Го почитувам начинот на однесување на пратеникот Наќе Стојановски, меѓутоа сметам дека неговата смисла за хумор може на друго место да ја употребува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Карангелески.

За збор се јави, повторно, пратеникот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Навистина длабоко се извинувам ако некој го сфатил моето кажување овде во контекст на хумор. Тоа се се општо познати факти, мислам не треба ни да се карикираат, ниту да им се дава друга смисла. Јас не кажав ништо што не е реално, или во смисла да карикирам нешто. Ако некој помисли на карикација, мислам дека тој ја свртува смислата на моето кажување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Деловнички сака да интервенира г. Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова што сега го вели г. Стојановски он не намерава хумор да кажува овде, јас ве уверувам, меѓутоа сето ова е една комедија, без намера да постигне ефект човекот.

Сакам да ви сугерирам г. претседателе.

Кога ќе ви стават деловничка забелешка едноставно да продолжите со работа, ако немате друго објаснување, ако оној кој забележува не бара да се гласа за тоа, потоа се изјаснува Собранието и продолжете, бидејќи сите ние ќе треба да си излеземе надвор, а вие да си ги кажете прикаските, кој овде што и за што зборувал, Ве молам држете се за тоа, како се разрешува деловнички спор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Андов тоа би било идеално кога јас би знаел и би ја имал видовитоста на г. Наќе Стојановски па да знам однапред што ќе каже.

Инаку во оваа ситуација јас морам на секого овде да му дадам збор, а дали тој ќе ме учи, ќе ме кара и т.н., тоа е веќе друго прашање.

Јас не можам во средина на зборот да го прекинувам човекот.

Ве молам, колку е помало доцирањето од ваша страна, толку помала е комедијата овде.

Според тоа дајте да завршиме, имаме уште двајца дискутанти.

Има збор г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г. претседател. Јас само сакам да се навратам на вашиот предлог колегите Илјаз Сабриу и Замир Дика, заеднички да поднесат амандман и на тој начин процедурата да продолжи. Кон тој заеднички амандман сакам и јас да се приклучам.

Друга работа е тоа што за мене останува амандманот број два помалку нејасен, односно тој е напишан по императивен стил - се наложува разрешување неминовно, доколку тоа и тоа се исполнило. Управниот одбор тоа да го направи. Во текстот што го имаме стои: "Може да го разреши". Тоа е едната работа.

Другата работа од членот 59 е последната реченица и став, - согласност на одлуката за разрешување дава Владата. Тука не е прецизиран никаков рок. Што ако Владата својата согласност ја даде за 7 месеци.

Мислам дека со новиот предлог амандман или амандмани, ќе биде потребно и ова да биде опфатено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние го изгласавме тој амандман.

Сега Владата може со свој амандман да го промени тоа. Тоа е процедурата.

Ви благодарам за укажувањето.

Веројатно Владата тоа ќе го има во вид.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги и претставници на Владата. Не би сакал да ја продолжам оваа расправа која отиде малку во погрешен правец. Би сакал пред изјаснувањето, да го кажам завршниот збор на пратеничката група на СДСМ, во врска со Законот.

Пред 30-тина дена во Собранието добивме Предлог - закон за здравствено осигурување, на кои пратеничката група на СДСМ имаше поголем број на забелешки и сметаше дека законот во овој момент не го одразува она што треба да биде концепција на Законот за здравствено осигурување во РМ. Поаѓајќи од таа позиција ние предложивме голем број на измени, поголеми или помали кои во наше име на Комисијата ги изнесоа пратениците Стојан Ковачевски и Благоја Стојковски, а тоа што на комисијата беше изнесено беше всушност видувањето на пратеничката група на СДСМ.

Презентирајќи тие наши ставови можеме да констатираме дека на Комисијата, што од мнозинството, што од претставникот на Владата поголем дел од овие забелешки беа прифатени, со што Законот доби една нова форма, со која ние ја изразуваме соодветно ниво на согласност.

Се разбира, дека ќе потенцирам, нашата согласност ќе беше потполна и задоволството ќе беше најголемо, доколку се прифатеа уште две интервенции во законот. Тоа е, едната да се ослободат од целосна партиципација сите кои се постари од 65 години во Република Македонија и второто е решението во членот 34, каде што можеби требаше и со законот да се уредат некои од односите, кои сега се префрлија во надлежност со актот на фондот или министерот да се уредуваат дополнителни ослободувања.

Доколку и тие две беа прифатени, нашето задоволство ќе беше целосно. Сепак, и покрај тоа што ова не е прифатено, а имајќи го предвид она што претходно го кажав дека законот сега е видоизменет од начинот на кој влезе во собраниска процедура од страна на Владата, останувајќи се разбира повторно на овие две забелешки, Пратеничката група на СДСМ, ќе гласа позитивно за законот и со тоа ќе го даде или всушност веќе го даде со своите измени и дополненија своето мислење и придонес по овој закон.

Ние ќе се изјасниме позитивно. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

Со ова веќе ја исцрпивме расправата во врска со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Значи, бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

88 пратеници гласаа за, 2 пратеници се воздржани, против нема никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за здравственото осигурување.

Продолжуваме *со* следните точки од дневниот ред.

Продолжението ќе го води мојот заменик, господинот Илјаз Халими, бидејќи јас имам некои обврски.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници.

Очигледно задоволството од донесување на претходниот закон е малку поголемо, така што вниманието изгледа малку попушти, меѓутоа јас ќе се потрудам да ви го свртам вниманието на Царинскиот закон.

Очигледно е и веројатно во текот на расправата по овој закон ќе произлезе дека законот е доста интересен и ќе предизвика сигурно многубројни дискусии со предлози за измени и дополнување на истиот. Со многубројни амандмани, кои што се веќе доставени по овој закон. Во вчерашните изданија на штампаните медиуми прочитавме дека, Европската Унија на својот самит во Лисабон предлага увозот на земјоделски производи во Европската Унија да се олесни, што е една одлука, која што можеби ќе биде донесена и како таква ќе биде за поздравување, така што во тој контекст би кажал дека либерализацијата во тој дел, е

поврзана со некои услови од царинските закони кои што ги имаат тие држави.

Така, во тој контекст сметам дека и Царинскиот закон на Република Македонија ќе мора да се прилагодува, бидејќи истиот треба да го прилагодиме кон оној дел кој што всушност ќе ни покаже каде сме стигнати на прагот за разговорите со Европската Унија. Иако, за сега сме многу далеку од членство полноправно во Европската Унија, сепак мораме полека да размислуваме за имплементација на одредени нормативи, кои што се во склад со царинските нормативи на Европската Унија. И, доколку се востанови дека Царинскиот закон како таков е претесен во неговите рамки, тој веројатно ќе треба да се промени во одредени сегменти или во целост да се променува.

Се надевам дека Владата ќе изнајде разбирање доколку има потреба од такви промени истите да ги направи. Истовремено, се надевам дека веројатно треба да се донесе или е во фаза на донесување стратегија за измени и дополнувања и на даночниот систем, кој што мене ми изгледаат неопходни, а во тој контекст веројатно спаѓа и измената и дополнувањето на Царинскиот закон.

Почитувани колеги пратеници, од тој аспект гледано, поднесени се неколку амандмани од колеги пратеници, чиј што потписник сум и јас и тука би ги спомнал неколку амандмани, односно еден дел кој што се однесува за амандман кој што ќе биде поднесен, односно кој што е поднесен, а во врска се предметите кои што се однесуваат непосредно за директна заштита на животна средина, а кој што не се произведуваат во Република Македонија.

Така што, сметам дека Владата ќе ги прифати дел од овие амандмани што ги поднесуваме, заради тоа што се она што кај нас не се произведува, а што треба да го штитиме со Царинскиот закон, мислам дека не е во ред и затоа во тој сегмент треба Царинскиот закон да претрпи измени и дополнувања точно во тој сегмент.

Би сакал да кажам дека во тој контекст поднесов и еден амандман заедно со колегата Алија Шахиќ за ослободување од царински давачки на сите моторни возила, освен автобуси кои што се произведуваат во ФАС "11 Октомври", меѓутоа после обавените разговори, со заменикот министер и со претставникот на царинската управа на Република Македонија, констатиравме дека е многу подобро да се интервенира во царинскиот тарифник, каде што стојат овие одредби, така што со образложение дека таквиот царински тарифник со Предлог на закон за измени и дополнување на истиот, ќе дојдат на дневен ред на седницата на Собранието во некоја прилика од прилика за еден или еден ипол месец.

Понатаму, она што сакам да го кажам, тоа е дека третиот дел, третиот амандман кон кој што се приклучив и јас е амандман поднесен од пратениците господинот Чедомир Краљевски, Жарко Караџоски и Хисни Шаќири, а кој што се однесува на можноста за отворање на слободни царински продавници на патните гранични премини во Република Македонија, кои што со закон беа порано затворени.

Јас би кажал дека веројатно не знам како ќе се однесува Владата спрема тој амандман, меѓутоа би сакал да го прифати, а тоа веројатно по текстот на Предлогот на законот кога ќе биде тоа доставено ќе го предложиме, затоа што по тој основ со отворање на тие слободни царински продавници на патните гранични премини во Република Македонија, повторно ќе се вработат некаде околу 1000 луѓе при што јас сега зборувам сега малку и од локален интерес, по тој основ во Гевгелија и општина Гевгелија ќе се вработат некаде околу 150 луѓе, односно повторно ќе се вратат на работа. Морам да кажам дека девизниот прилив по тој основ во Република Македонија беше некаде околу 50 милиони марки бруто прилив, а нето некаде околу 15 милиони марки. Во Гевгелија и во гевгелиско тоа беше некаде околу 13 милиони бруто со 3 милиони нето добивка. Тоа се девизни средства, кои што на еден или на друг начин во овој момент, бидејќи таквите слободни царински продавници не функционираат се одливаат од Република Македонија во фри шоповите на околните држави околу нас, Сојузна Република Југославија, Бугарија и Грција.

Предности што ќе се добијат со прифаќање на овој амандман, позитивните страни се извонредно големи, затоа што мислам дека без трошоци, без посебни оптоварувања на Буџетот на државата, односно скоро никакво оптоварување на буџетот, ќе се отворат повторно некаде околу 1000 работни места, а тоа веќе го спомнав. Не треба да се инвестира во изградба на ништо ново, бидејќи има веќе изградено инфраструктура во тој дел. За бруто девизниот прилив и нето приливот мислам дека го прокоментирав тој дел, што значи дека тоа се чисти средства, кои понатаму ќе влезат во државниот Буџет. Дел од нив по основ на осигурување на вработени и т.н.

Понатаму ќе се направи едно исправање на една направена неправда во делот од владеењето на претходната власт при што беше укажувано дека лошо е да

бидат овие слободни царински продавници присутни на граничните премини, а образложението беше дека нема да бидеме примени во Европската Унија, доколку овие царински продавници функционираат односно дека таквите царински продавници во Европската Унија веќе се затвораат. Што, на некој начин, тогаш можеби држеше како оправдување, меѓутоа и покрај таквото оправдување гледаме дека ситуацијата останува скоро непроменета. Имено, најголем и најочигледен пример се фри шоповите на бугарска страна, фри шоповите на грчка страна кои што функционираат и работат и ден денеска и по тој основ остваруваат профит.

Инаку морам да истакнам дека во предизборието во 1998 година кога дискутиравме на таа тема, рековме дека тука е направена една неправда и дека оваа Влада и оваа власт, ќе ја исправи таквата неправда. Понатамошните дискусии и разговори кои што ги спомнавме на одредени трибини се истакнуваат одредени работи дека тие фри шопови биле фактички затворени, заради неможноста истите да бидат контролирани. Јас длабоко жалам ако некој не можел да ги контролира фри шоповите порано, меѓутоа сметам дека оваа власт ќе има доблест истите да ги контролира и се да биде под она што се вика слово на законот.

Понатаму, друго образложение кое што стоеше дека овие фри шопови и слободни царински продавници се генератори на сивата економија, дека се генератори на шверцот со цигари со акцизна стока, со цигари со алкохол, што се покажа во понатамошниот период дека воопшто не е точно. Дека и покрај затворањето на фри шоповоте повторно се појавуваше на слободниот пазар цигари без бандероли, без маркица, алкохоли, што значи дека во некој други сегменти треба да се зголеми контролата и на тој начин да се спречи таа сива економија или шверцот со овие акцизни стоки.

Најпосле, да не должам многу, би кажал дека можеби сега е моментот да се донесе ваквата одлука и да се прифати овој амандман од страна на Владата, затоа што туристичката сезона се наближува, зголемениот број на туристи во секој момент се зголемува и можноста за профункционирање на овие слободни царински продавници, мислам дека треба да им се овозможи да почнат да функционираат во овој момент.

Најпосле, би кажал дека не е ничие суверено право да отвора или затвора слободни царински продавници по сопствено видување и заради одредена дневна политичка потреба.

Ви благодарам на вниманието и се надевам дека во Предлогот во текстот на законот кога ќе дојде и кога ќе разговараме за овие амандмани, Владата ќе има разбирање и истите ќе ги прифати.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Спанаков Ристо.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани членови на Владата, мислам дека јас денеска го исполнував основниот критериум да се обратам пред овој Парламент, бидејќи не носам фармерки и со тоа потпретседателот нема да ме отстрани од говорницата.

Инаку, во врска со конкретната точка од дневниот ред околу Предлог на законот за измени на Царинскиот закон, би сакал да ве потсетам дека утре се навршуваа точно две години без еден месец како е донесен Законот за царини, а не виде бела виделина до сега и дури сега новата влада прави промена и интервенира скоро во 80% од членовите на постојниот век веќе еднаш донесен Царински закон.

За да ни биде на сите малку појасно, пошто јас во претходната влада директно сум учествувал во изготвување на текстот кој е донесе, а кој сега се менува, а никогаш не се практицирал, дозволете ми да направам една мала ретроспектива на сите настани како дојде до носење на тој законски текст и да образложам зошто реагирам на ваквите бројни промени, кои иако по кажување на предлагачот во образложението кон Законот, кажува дека сепак основниот концепт на законот се задржува и нема некакви суштински промени. Значи, се работи за некои чисти козметички интервенции во текстот на веќе донесениот закон.

Кога Република Македонија ги отпочна реформите и преговорите за асоцирање со Европската Унија, знаете дека голем број на стручни екипи и експерти од разни области доаѓаа во Република Македонија и секој во поединечна област помагаше околу усогласување на легислативата со европското законодавство. Така, при утврдување на сал и есаф аранжманот, во двете овие матрици влегоа двата клучни закони што ја регулираа царинската област, а тоа беше Законот за царинската тарифа и Законот за царините.

Тогаш затекнатите два клучни законски проекти, во овој сегмент беа оценети како застарени, преземени од бившата СФРЈ и како такви не можеа да одговорат на уставните промени за пазарна ориентација на стопанството и не можеа во себе, односно не ги имаа во себе акцептирано идните настани, кои еве, десетина години се случуваат во Република Македонија во сферата на реформите.

И, така во матрицата од сал аранжманот беше влезено дека Република Македонија мора прво да го усогласи царинскиот, Законот за царинска тарифа, пред се, да ја усогласи номенклатурата со хармонизираната тарифа на светската царинска организација и тоа го направивме и така немавме проблем, барем што се однесува до реформите во царината од овој аспект што траншите од сал кредитот, мислам до оној момент додека течеа, непречено да доаѓаат во Република Македонија. После тоа, а паралелно со работење на текстот на Законот за царинска тарифа, се работеше и на комплетно менување скоро на целиот текст на Законот за царини, кој беше исто така не помалку важен за реформи во царинскиот систем на Република Македонија.

Од тогашните експерти на ММФ, кој морам да спомнам дека не беа во некои инцидентни мисии во Република Македонија, туку напротив скоро две години во Република Македонија имаше постојана мисија која ги следеше реформите во царинскиот систем и тоа не со седиште во Република Македонија, туку со седиште во царината на Република Ма-кедонија. Значи, дневно доаѓаше на работа исто колку што јас бев присутен на работа и беше со секојдневна обврска да ги следи сите подготовки за носење на новиот Царински закон.

Од страна на тогашните експерти на ММФ и од домашната експертска група која работеше на новиот законски текст, беа утврдени некои технички, нормално и суштински недостатоци на затекнатиот закон од бивша СФРЈ.

Во техничките недостатоци, пред се, беше забелешката на премногу оперативниот текст на постојниот тогашен закон, кој во одредени свои членови предвидуваше и пропишуваше дури и цели царински постапки и како таков го правеше неприменлив на подолг рок. И, тој критериум за да се запази, за законот да се воопшти и да се направи применлив на еден многу подолг период, се пристапи кон измена на тие оперативни членови и оперативноста се замени со една воопштеност, а оперативните постапки во самите тие членови на законот беа пропишувани со акт на Владата, со министерот за финансии како ресорно одговорен за царината, на директорот на царината, на управниците и т.н. до најниските оперативни нивоа кои требаше да го спроведуваат тој закон.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Исто така, беше забелешка тогаш од ММФ и нивните експертски групи дека треба да се промени комплетната номотехника на законот к сите изрази кои соодветствуваат на Европската легислатива, треба да се внесат во новиот Царински закон. Кон тоа беше пристапено и тие промени беа направени благовремено.

Од суштинските измени по препорака на Европската Унија и по одлуките на експертските тимови од Република Македонија што работеа заеднички, би спомнал само некои кои се поважни.

Прво, драстично се измени начинот на царинската постапка и за прв пат во РМ не идентично, туку исто како во легислативата на европското законодавство, за оваа област се внесе селективната постапка, што значи со одредени членови се допушта стоките кои влегуваат во РМ и подлежат на царинење да не се царинат сите кои влегуваат, туку да се прави селективен пристап врз основа на однапред изработени критериуми за ризичноста на стоката што се внесува, за ризичноста на субјектот кој ја внесува стоката и т.н. Значи, се воведе така наречената селективна постапка, која во суштина значеше и забрзување на самите царински постапки.

Исто така, со одреден член како суштинска промена се смени начинот на плаќањето. Во тогашниот Закон беше "плати па носи", а сега се даваат сите можни инструменти во поглед на гаранции и други обезбедувања за да се подигне стока од под царински надзор или да ја заврши постапката при дефинитивното расцаринување.

Клучно прашање беше и околу идентификување на многу слаби ингеренции на царинските службеници и испреплетување на истите тие ингеренции со ингеренции на други служби во државата, кои на некои начин задираат во сферата на царинските постапки. Затоа, во почетните членови на законот, со новите промени на новиот Царински закон се дадоа многу повеќе овластувања на царинските службеници, кои беа препорачани од страна на ММФ, Евро царината и Светската царинска организација, а тоа беше во функција на зголемување на ефикасноста на самата служба.

Исто така, се врши скоро целосно усогласување во делот на казнените одредби

со новото Казнено законодавство што се донесе во Република Македонија и како последна суштинска промена што се направи беше драстично намалување на ослободувањата во последните членови на законот, бидејќи беше оценето дека како таков е недоволно ефикасен за полнење на државниот Буџет. И така, голем број на ослободување дали на физички лица или стопански субјекти, беа драстично намалени и беа доведени во рамките на една подносливост и соодветствува со тој дел од регулативата на европското законодавство.

За крај, како нај суштествени би ги спомнал затекнатите од поранешниот Закон членови 52 и 53. Членот 53 беше, ако се сеќавате, тој фамозниот или институцијата "увоз заради извоз", кој даваше една широка рамка за одредени манипулации кај сите стопански субјекти, кои го користеа како царински институт и на некој начин многу негативно се одразуваше врз самите приходи на Буџетот на РМ и точно беше оценет дека е односно тие два членови се нај социјалистичко наследство од поранешното социјалистичко стопанство затекнато од поранешната држава.

Затоа, паралелно кога го работевме Законот за царинска тарифа тогашната Влада со интервенција во тој член го укина комплетно членот и прибегна кон едно европско решение така наречено "поврат на царини" и паралелно со донесување на Законот за царинска тарифа во август 1996 година се укина и овој член 53, што на некој начин пред да се донесе Законот за царини, се завлезе веќе во една по драстична реформа во царинскиот систем во РМ.

За Ваша информација тогаш, со донесувањето на новата царинска тарифа се утврдија нови стапки и по препорака на Светската трговска организација тие стапки од една пондерирана царинска стапка од 30% се сведе на 15%, значи дојде до преполовување на пондираната царинска стапка, а паралелно со укинување на членот 53, половина година се работеше со таква драстична промена, а Буџетот на РМ не претрпе некои поголеми штети, дури, мислам дека таа година приходите во Буџетот беа над планираните.

Значи, беше вред таа препорака што ја прифативме од светските експерти, иако тогаш веројатно голем дел и од пратениците што се присутни овде се сеќаваат дека имавме многу голем отпор во Стопанската комора. Остана подолго време да се практицира членот 52, а тоа беше Институтот Владата да може да пропишува така наречени царински контингенти, што битно го рушеше системот на царинска заштита во Република Македонија, битно го рушеше системот на собирање на приходите во Буџетот и беше во директна спротивставеност со новодонесениот Закон за царинска тарифа, бидејќи ги рушеше царинските стапки што беа утврдени со Законот за царинска тарифа. Тој член 52 предвидуваше дека Владата има право дискреционо, одредени фирми и поединци да ги повластува и да им дава бесцарински увоз. Секогаш и во наше време, а тоа продолжи и сега, сведоци сме дека овој институт беше злоупотребуван, од аспект на тоа што одредени фирми беа преферирани, одредени фирми беа дискриминирани на пазарот и секогаш во јавноста или меѓу себе беше прашањето дека сепак се употребува во многу блага форма, се дава само за потреби на резервни делови, во индустријата за машини и т.н.

Најголеми притисоци при носење на царинскиот закон, нарочно го оставив овој член последен, беа токму комплетно да се укине институтот царински контингент т.е. дозвола за увоз без царина која некој ја добива да ја издава, дали министерот или Владата и тоа дискреционо право да ги нарушува пазарните законитости во државата.

Значи, прибегнувајќи кон тие препораки, навистина бевме принудени и со новиот текст во новиот закон овој член комплетно да биде укинат и се сеќавам тогаш написмено беше поздравен од претставникот на ММФ кој седеше во Царинската управа, значи кој беше присутен во Република Македонија.

Тоа беа укажувања и мала ретроспектива околу донесувањето на двата клучни закони во царинската сфера, Законот за царини и Законот за царинска тарифа, за која мислам дека денес актуелниот директот на Царинарницата може да потврди дека писмени потврди и од Европската Унија и од Евро царината и од Светската царинска организација дека тие два нови закони комплетно се оценети како реформски и комплетно се вклопуваат во легислативата на европските земји кон кои се стремевме да се приближиме тогаш.

Денес имаме овде Предлог на измени на тој закон за царини, кој на неколку пати беше одложуван, прво беше, откако беше донесен од наша страна, одложен за цели шест месеци во функција на подготовка на пратеничките подзаконски акти, кои го правеа оперативен и да функционира во практика законот и во функција на додатна едукација на царинските кадри, кои требаше да се подготват за приемна на еден нов текст

и нови постапки во царинењето на стоките во Република Македонија. Кога заврши тој период и кога поранешната Влада си отиде, губејќи ги парламентарните избори на крајот на 1998 година, мислам дека нема никакви пречки, ниту правни, ниту технички, бидејќи подготовките беа отидени во една поодмината фаза, Законот да стапи во сила на 1 јануари 1999 година.

Меѓутоа, ајде и тоа да го сфатиме, новата Влада пред крајот на 1998 година донесе овде во овој Парламент акт за одложување на истиот за цела една година и мислам дека во таа цела една година оние служби кои беа овластени добија ингеренции по овој закон истиот да го спроведуваат, да направат дополнителни подготовки во функција на подобра примена на истиот закон.

Меѓутоа, во меѓувреме мораме да признаеме дека не се направени некои битни реорганизации на службата, кои ќе придонесат за поефикасно спроведување на истиот закон, ниту пак слушнавме дека се извршени некои многу силни едукации на царинските кадри за спроведување на истиот тој закон. А тоа што се случувало целата година, цела година се работело на читање на текстот на законот и за да се дојде на крајот на годината повторно да не може да биде спроведен на 1 јануари 2000 година, истото се одложи за 1 април оваа година. Значи, читајќи го тој текст на новите служби од царината, веројатно некои одредби не им биле јасни, некои можеби не можеле да ги сфатат до крај што се работело. Во меѓувреме советниците од ММФ ја напуштија мисијата, бидејќи законот беше веќе донесен и изгласан во Парламентот, стручните екипи на Евро царината и Светската царинска организација беа комплетно повлечени и така се доаѓа до една ситуација кога денес ни се нуди текст за измена на истиот тој, како што спомнав пред малку реформски оценет закон, па од вкупно 221 член со новиот Предлог се менуваат цели 173 члена или скоро 80% од целокупната законска материја и ако се имаат предвид оние амандмани што се усвоија на Комисијата за финансирање и буџет и некои поединечни амандмани од пратеник или група пратеници, скоро да нема член во кој не е интервенирано. Кога човек што учествувал во подготовката на тој законски текст ќе слушне една таква новина дека од 221 предложен член се нудат измени на 173, а воедно се немало доблест да се оди со нов законски текст, навистина може само да се чуди и не може да се изначуди зошто е тоа така направено. Иако спомнав на почетокот, и овде ќе го подвлечам тоа дека и самиот предлагач во образложението, покрај овие драстични бројни измени во членовите на законскиот текст, кажува дека сепак не е нарушен основниот концепт, јас мислам дека не би требало да се оди на такви козметички дотерувања, 173 на број во членовите, ако не се сакало да се наруши основниот концепт на веќе постојниот Закон за царини.

Во голем дел од овие констатации што се дадени во образложението кон предложениот законски текст ја се согласувам, бидејќи овие големи промени според мене лично произлегуваат од менувањето на голем број на дефиниции, поради менувања на номо техниката напред во самиот почеток на законот и после тие дефиниции, по природата на нештата, се провлекуваат низ членовите кои ја регулираат царинската постапка и како такви во секој или во секој втор член се внесуваат тие промени и можам слободно да констатирам дека навистина се работи за едно козметичко дотерување на текстот на законот, иако до денешен ден, еве веќе имавме време еден месец да го гледаме откако ни беше доставен, па кога влезе во парламентарна процедура законскиот текст, навистина не ми е јасно дали законот е подотеран или полош од постојниот текст, иако немам ништо против и вака како што се предлагаат измените да стапи во сила и да се практицира.

Оставам на Вас сами да пресудите за кои промени се работи. На пример, терминот "увозни царини" се заменува со "увозни давачки", што всушност нема никаква разлика. Терминот "пријавување на стока" се заменува со "ставање на увид на стока", што може да алудира и дека има некои битни промени во практицирање на царинските постапки. Терминот "корисник на одобрение" се заменува со "имател на право", терминот "царинска погранична зона" се заменува со "царински пограничен појас", терминот "фактички" се заменува со "вистински", терминот "што треба да е" со "кој ќе е", терминот "царинска основица" со "царинска вредност", терминот "пресметуваат" со "засметуваат", "пресметани" со "засметани", "купени" со "набавени", "сопственикот на терминал" со "држател на терминал", "дозвола" со "одобрение", "употребува" со "користи", "дефинитивна" со "крајна", "еднаквородни" со "идентични". Како пример би ги посочил овие две последни менувања на терминологијата, ако од наша страна се употребил некој интернационализам и во рамките на оваа нова кампања што се води на Македонската телевизија "Говорете македонски", во ред е да биде "дефинитивна" да биде заменета со "крајна". Меѓутоа, не би било логично ако одиме по тој концепт

"еднакви" да се заменат со "идентични", така што на пратеник од опозицијата кој учествувал во изработување на овој текст на закон му паѓа на памет дека под форма на овие козметички шминкање на текстот на пратениците денес им се подметнуваат "кукавички јајца" и се сака да се вратат на сцена они членови од поранешниот Закон поради кои се измени целокупната содржина и целокупната номо техника на самиот закон кој го приближи како таков кон европското законодавство.

Така, поради овие промени што пред малку ги спомнав и поради ренумерирање на одредени членови, со внесувањето на два три нови членови се дојде до промена како што претходно кажав во 173 члена.

Овде мораме да спомнеме дека има некои промени кои не можат никако да се крстат и да се подведат под заедничката формула дека се извршени не само козметички интервенции во членовите на законот, а особено тука се некои ново додадени членови кои се вратени од стариот Закон или се ново измислени и се ставаат како нови да се применуваат од 1 април.

Ние на седницата на Комисијата за финансирање и буџет еве ја користам оваа прилика како овластен известувач од таа Комисија да укажам - усвоивме 4 амандмани со кои ги бришеме тие ново воведени членови и беше постигнат општ консензус од сите политички партии после моите образложенија, зошто треба тие членови да се бришат, и тоа два нови членови да се бришат и два кои се менуваат повторно да се бришат, а сега би образложил од кои причини и подоцна ќе треба во амандманската расправа да се вклучам и дополнително би дал некакво објаснување. На пример, во членот 9 и 10 од постојниот Закон, типулирани се правата, обврските и ингеренциите на царинската служба. Таму имаше голема борба, пред изгласување на дефинитивниот текст на законот, дали овие права обврски и ингеренции на царинската служба да бидат дадени како на царинска служба или како на единствена царинска служба. Обичен читател навистина не може да пронајде што се крие зад тоа зборче, дали да биде служба или единствена служба, но јас сум обврзан тоа да им го укажам на пратениците, па да се донесе заеднички став овде во Парламентот како ќе се пристапи кон ново предложените измени. Така, во ново предложениот текст, во членот 4 се предлага измена каде на царинската служба и се дава преставката "единствена" во вршење на работите во царинските постапки и во членот 10 на постојниот Закон се интервенира со членот 5, каде исто така пред зборот "служба" се додава "единствена". Тоа значи дека другите служби кои се занимаваат со одредени дејствија, а задираат во царинските постапки, комплетно се исклучуваат. Тоа е секаде во европското законодавство така решено. Ако една служба добие ингеренции во една област, таа си ги решава сите проблеми и прашања во таа област и по потреба бара помош од други служби. Имено, за што се работи?

Се работи за тоа дека овде се испреплетуваат ингеренциите на полицијата и царината во одредени царински постапки, пред се во сферата на недозволената трговија со шверц со оружје, со наркотици и т.н. Ние сме сведоци дека затекнавме таква ситуација, за жал и до денес таа е таква, цели 10 години во РМ постојат паралелни служби кои се борат против овие недозволени дејствија, а тоа се оние служби и одделенија во Министерството за внатрешни работи, кои се нарекуваат одделенија за борба против недозволена трговија, шверц и т.н.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

И нормално, целокупната царинска служба со посебни одделенија кои ја средуваат царинската постапка. Неретко во пракса се случува да дојде до испреплетување на тие ингеренции и од фалење кој треба да го фати оној кој што носи дрога, често пати дрогата си поминува не фатена. Или често пати суетата кај едните или другите проработувала, едниот се истрчува со информација во јавноста, иако таа не требало да се даде, се уште не е завршена целокупната постапка, иако дрогата и носителот на дрогата биле фатени, другиот се истрчува дека на тој и тој граничен премин откриени се толку и толку килограми таква и таква дрога или оружје без да го соопшти првиот, бидејќи и едниот и другиот имаат ингеренции да се плеткаат во таа работа.

За да се расчисти до крај со тие позиции голем притисок од експертите на евроцарината, на ММФ се вршеше токму во овој сегмент, царината да ги добие сите комплетни овластувања во овој сегмент, а полицијата на граничниот премин да има овластување да го контролира само визно - пасошкиот режим, што е секаде во европското законодавство така решено и така функционираат тие служби.

Проблемот тогаш, а и сега, што е многу битно, што треба да го сфатат сите пратеници беше следниот. Царинските служби затекнати во таква ситуација, како што беа тогаш, а мислам дека ништо не се подобри ни сега, навистина немаат

формирано специјалистички обучени одделенија за да се борат против овие недозволени трговии.

Мојот предлог тогаш беше министерот за полиција да направи реорганизација кај него, директорот на царина да направи реорганизација кај него, кај својата служба и цели комплетни одделенија кои беа веќе формирани и обучувани дури и во странство, во Министерството за внатрешни работи да поминат во царинската служба. Тоа тогаш не успеавме да го направиме, сега мислам дека веќе е направено штом се предлага едно вакво решение. Меѓутоа должен сум да укажам, доколку таков договор за реорганизација на Министерството за внатрешни работи и реорганизација на царинските служби не е направена, тогаш да не влегуваме во таков голем ризик, да им одиме во прилог на шверцерите со недозволените средства за трговија, да се прифатат новите членови каде што царинската служба се профилира како единствено надлежна за овие работи што пред малку ги спомнав.

Ако е помеѓу министерот за внатрешни работи и министерот за финансии веќе договорено, тие одделенија, обучени луѓе да поминат под ингеренции на директорот на царина немам ништо против, дури и мојот личен став е таму им е местото на тие одделенија за да не се јавува еден паралелизам во една многу битна и осетлива сфера од заштита на домашното производство и од заштита дури и на граѓаните на Република Македонија како поединци.

Значи, треба внимателно, сите ако добро ме сфативте, да ги погледате измените во членовите 4 и 5, кои што ги менуваат постојните членови 9 и 10 од Законот за царина.

Исто така внимателно треба да се гледа членот 15, со кој се предлага воведување на нов член 24-а, околу повторно враќање на институтот царински контингент, каде што сега министерот за финансии, наместо Владата или владината комисија, што во поранешниот текст на законот го имаше тоа право, сега исклучиво тоа дискреционо право го има министерот за финансии - да одлучи и да даде на некого да увезува без царина, што е во директна спротивставеност со Законот за царинска тарифа и го руши целиот систем на веќе востановен и утврдени царински стапки за увоз на одредени стоки во Република Македонија.

Со ова господа ако сакате навредете се вие предлагачите, или не се навредувајте, меѓутоа ако цела недела овде расправаме за еден реформски пакет на закони и во оние моменти кога навистина немате што да одговорите на одредени амандмани по тие закони, одговарате дека ова е реформа и дека ова е препорака на Светската банка, ова е препорака на Меѓународниот монетарен фонд и другите светски институции кои не пратат како ги извршуваме реформите во Република Македонија. Со враќање на овој член ние навистина се враќаме на антиреформски курс.

Без намера да се правдам што вчера бев прозван дека понекогаш во моите дискусии има некој маркетиншки настап за да збираме поени кај нашите гласачи, јас денес би кажал дека е ова анти маркетиншки настап на еден пратеник, бидејќи ќе бидам сатанизиран скоро од сите стопанственици. Бидејќи сите кои сега се бунат, потајно се надеваат дека утре некој нивни министер ќе дојде за финансии, кој ќе мисли дека тие се најдобрите па на нив ќе им даде царински контингент.

Инаку во европската легислатива ваков, иако на Комисијата за финансирање и буџет беше бранет овој член во смисла дека ваков член постои во европското законодавство успеав да се консултирам со поголем број стручњаци и во државата и во Европа, ваков член во ниеден национален закон на членките на Унијата не постои. Значи, во националните законодавства на членките на Унијата не постои.

Во одредени моменти Советот на Европа може да дозволи на одредена членка на Унијата да направи интервентен увоз на одредени стоки на нивниот пазар без плаќање на царини само во исклучителни случаи на земји од Унијата кои би биле зафатени од војни, од катастрофи природни, суши, поплави и т.н. Тоа засега не е случено.

За разлика од тоа кај нас сме сведоци во последно време дека се издавале царински контингенти, не можам точно да потврдам со документи, се издавале царински контингенти за увоз на месо, што е далеку од умот да се користи институтот царински контингент за увоз на месо, а да се правда дека ќе се користи ако остане ваков каков што е во законот, за увоз на резервни делови, репроматеријали кај одредени фирми кои преживеале одредени катастрофи од икс објективни околности. Затоа сум строго против овој член да остане ваков во законот. На крајот на краиштата би препорачал да го прифатите амандманот на овој член кој е усвоен од сите пратенички партии на Комисијата за финансирање и буџет.

Господа предлагачи, навистина е жалосно што министерот за финансии никако не се појави ниту на Комисијата за финансирање и буџет, ниту овде во собраниската сала, а се работи за еден круцијален законски акт од економската сфера кој не е ништо помалку важен од претходниот кој конечно го усвоивме овде во салата, бидејќи наспроти декларативните заложби на Владата на Република Македонија, која секојдневно до македонските граѓани се обраќа дека е за реформи, дека ги тера реформите, дека не знам до каде сме високо стигнати во тие реформи, навистина со враќање на вакви членови во закони кои биле оценети како про европски и про реформски доаѓаме во една фаза, би ја нарекол економски волонтеризам и на некоја политичка импровизација на некого да му се додвориме еве ние донесовме таков член, па под тој може тебе да те подведеме и да ти даваме одредени бенефиции да користиш, а сето тоа доведува до продукција на она најнесаканото зло во општеството, до корупцијата и во редовите на Владата и во редовите на стопанствениците.

Бидејќи господо вака постапуваме со веќе готови реформски и про европски законски проекти и место да се обучиме да ги применуваме ги менуваме нивните суштински членови, тогаш не ме зачудуваат изјавите на министерот за финансии кои после последното враќање од Вашингтон во разговорите со Светската банка и ММФ имаше доблест пред целокупната македонска јавност да изјави дека, довербата на Република Македонија пред Светската банка, пред Фондот и пред другите финансиски институции, не била слаба и недоволна, туку го цитира нашиот кредибилитет пред овие институции навистина бил уништен.

Знаете зошто бил уништен? Затоа што министерот за финансии одејќи во Вашингтон требало претходно да гледа што спрема администрацијата. Јас не говорам дека тој требало да учествува во оперативните подготовки на законскиот текст, во измените на Законот за царини, меѓутоа дозволете тој морал да биде свесен за состојбите, кои ако не ги контролира може да доведат до ова што доаѓаме и кога ќе појде во Вашингтон да им укаже - слушај ние овде разговараме за реформи, а не за враќање на член кој бил во Законот од бившата СФРЈ.

Второ, министерот за финансии е единствениот задолжен човек во Владата на Република Македонија кој се грижи за интегритетот на Буџетот. Со ова само се отвара една дупка повеќе, една чешма повеќе да тече и не станува збор дека противтежа на тоа ќе биде некое ослободување кое би довело до подобрување на целокупната економска ситуација во Република Македонија.

Затоа ако министерот за стопанство го предлага овој член, министерот за финансии секогаш треба да се буни за овој член.

Трето, јас не знам како смета Владата особено министрите за финансии и за стопанство да ги продолжат преговорите со Светската трговска организација бидејќи враќањето на овој член строго се коси со одредбите и преговорите на Светската трговска организација. Во принцип секогаш тие ќе ви кажуваат смалете ги стапките за ако сакате да се приближите до прелиминарни преговори со нас и по нивна препорака фактички беше преполовена пондивната царинска стапка во Законот за царинска тарифа, меѓутоа никогаш нема да ви кажат ставете го членот 24-а за на едни да им давате со нулта царинска стапка, или со повластена царинска стапка, а иста таква тарифна позиција во државата да се увезува со полна царинска стапка, бидејќи на тој начин само се прави дискриминација на пазарот и одредени стопански субјекти навистина се ставаат во подредена, а останатите во привилегирана положба.

Затоа не станува збор со еден ваков член вие да почнете, да продолжите да ги водите преговорите со Светската трговска организација. За корупцијата што ќе се појави веднаш со враќање на овој член на мала или на голема врата, како сакате сфатете го, не би сакал да зборувам, затоа што тоа е ноторен факт што од после може само и директорот на царината и министерот за финансии да си удираат глава во зид и да кажуваат како не послушавме што ни говореа тогаш.

За да го поткрепам овој мој став, ако е толку овој член реформски, зошто владината коалиција не пристапи кон едноставна поддршка членот 24-а онака како што е предложен, т.е. институтот царински контингент за увоз без царина да се врати на сцена во царинските постапки со новиот текст на закон, туку сега сме сведоци дека ВМРО го враќа членот кој гласи, да не го цитирам цел, дека се воведува институтот царински контингент, значи одредени фирми ќе можат да увезуваат без царини или со повластена царинска стапка и тоа одобрение за царински контингент го дава министерот за финансии. Дали ден после влегување во парламентарна процедура на истиот закон, имаме предлог од пратеници од ДА со

амандманска измена да се пристапи на овој член, да си остане како таков, меѓутоа место потврдата за црински контингент да ја издава министерот за финансии, да ја издава министерот за стопанство. Тоа значи не може ВМРО да увезува без царина, може ДА да увезува без царина, исто и ние овде како опозиција можеме да превагнеме. На која фирма, на ДА или на ВМРО ќе и дадеме безцарински увоз. Бидејќи вака се изедначени силите ниеден сам со присутните во салата не може да си го изгласа својот предлог.

Тоа господо ништо не говори друго, напротив говори како потврда на сето ова мое кажување дека секој си ги бара сферите на интересите, како што лично, после ќе се случам во амандманската расправа, амандманот за враќање на слободните царински продавници на копнените премини. Имам децидна информација дека, Законот за царини се одложи токму на тој амандман коалицијата да се договорела, кој на кои премини ќе ги добие фришоповите.

(Реакција на некои пратеници).

Ова ваши луѓе го кажуваат, не наши, затоа што ние немаме врска со тоа.

Така да мора да се замислиме дали ќе одиме во реформа на овој закон и ќе го оцениме утре како реформски или про европски ориентиран, или се враќаме сега 10 години наназад и повторно одново ќе почнуваме да се занимаваме со истите проблеми што сме се занимавале до вчера.

Дозволете тука да завршам, мислам дека бев малку и опширен од она што мислев да кажам и доколку има потреба би се вклучил во амандманската расправа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Илија Илоски.

За збор се јави пратеникот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, јас како член на Комисијата за економска политика и развој. Во Комисијата да ги дадат моите видувања и забелешки за овој закон и мојата констатација, која уште за време на комисиската расправа ја кажав дека, целата оваа работа се прави само за еден член, а тоа се однесува за членот 24-а. Побарав објаснување од претставниците на Владата дали е тоа тој истиот член, за кој мака видовме да го извадиме од постоечкиот закон. Ми беше одговорено дека е буквално истиот член, се враќа, а уште законот не е на сила се очекува уште на 1 април треба да влезе на сила и некој констатирал дека уште пред влегувањето, пред да ги оцени предностите и последиците на овој закон, да констатира дека овој закон треба да има измени и дополнувања, односно враќање на членот 24, за кој што минатата Влада беше најмногу критикувана, а и мислење и констатација на повеќето од овде е дека со овој член се отвораат сите можности за злоупотреба при донесувањето на одлука за ослободување од царини за одредени стоки.

Побаравме можност од претставниците на Владата дали може попрецизно да се прецизира што тоа подразбира стоки и дали воопшто може да се прецизира со некои додатни елементи, така да и ние како Комисија дојдовме до заклучок дека, треба да поднесеме амандман со кој ќе бараме да се каже дека стоките кои ќе бидат ослободени во најмала рака треба да бидат стоки кои не се произведуваат во Република Македонија, или пак не се произведуваат во доволна количина.

Објаснувањето беше дека ваков амандман ретко некаде во некој закон, ваков член ретко во некој закон во светот може да се сретне, но го има во некои држави. Свесно е зошто евентуално го има во некои држави вакviот член. Тоа значи во неповолни елементарни непогоди или слично, а ако дојде до нарушување на пазарот да може да се увезат одредени количини на одредени производи.

Но искуството на Република Македонија, без оглед дали е тоа идејата добро покажа дека токму по заслуга на овој член беа направени бројни малверзации и пропусти во Република Македонија. Сведоци сме на ситуации во каква состојба и каква позиција ги ставивме раноградинарските производители во Република Македонија, кога одеднаш ќе се појавеа од за нас непознати критериуми увоз на раноградинарски производи од соседна Грција или од Турција.

Имајќи го ова искуство јас навистина се плашам да не ги доведеме во иста или слична ситуација денешните производители на раноградинарски производи. Наближува пролетта и се очекува првите производители да излезат со нивните производи на пазарот и дали ќе ни се случува истата ситуација нашите раноградинарски производи да остануваат непродадени затоа што некој ќе има профит и ќе увезува такви или слични производи од некоја соседна земја. Затоа уште при гласањето во Комисијата јас реков дека законот евентуално ќе го поддржам, само ако се прифати амандманот од

Комисијата за економска политика и развој, кој бара прецизирање кои се тие производи кои евентуално ќе бидат во листата на производи за кои нема да се плаќа царина и дали се тоа производи кои се произведуваат во Република Македонија. И ако евентуално се произведуваат, дали тие производи се произведуваат во доволна количина за да не дојде до нарушување на пазарот.

Така да, со оглед дека претходниот дискутант даде големо образложение за овој закон, за овој амандман, останува при констатацијата дека амандманот поднесен од оваа комисија треба да се поддржи. Ако се доддржи овој амандман ние можеме да гласаме за законот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Ризван Сулејмани.

За збор се јави господинот пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Овој закон е мошне важен закон, сите стопански субјекти со голем интерес ги следат промените и движењата во вакви закони, затоа што со словото на вакви закони, или само со една одредба, со еден член, со една мала реченица, со едена мала запирка во вакви закони може драстично да им се подобри состојбата и драстично да им се влоши состојбата. Со еден збор и една запирка може едни субјекти да бидат многу привилегирани, други субјекти да бидат многу дискриминирани.

Ние сакаме да направиме пазарно стопанство, тоа е главна цел и сега, се разбира, сакаме парламентарна демократија, како услов преку кој што се обезбедуваат елементарни човекови слободи, такви какви што денеска ги разбира слободниот демократски свет.

Реформите кога се прават, сите закони мора да бидат по егзистентни и да се движат во таа насока. Да обезбедиме слободен пазар, колку што е можно, и да обезбедиме еднаквост на стопанските субјекти и еднаквост на граѓаните.

Ако се запрашаме, кои се битни принципи за функционирање на една пазарна економија, нема да ги прескокнеме следниве, иако ги знаеме, еве јас да потсетам, битно за концептот за содржината на овој закон и на сите други закони.

За пазарната економија, битно е и за слободно општество и за слободни граѓани стриктна примена на институтот во Уставот, неприкосновеност на сопственоста. Не смее да се нарушува сопственоста. Досега имавме систем, што ја нарушуваше сопственоста, сега имаме норми што ја бранат сопственоста, но имаме практика, која што атакува врз сопственоста, да не ги спомнувам примерите и имаме се уште практика, која што ги штити доверителите, наспроти должниците. И повторно да не ги спомнувам и денешните најнови примери.

Втор битен принцип за пазарна економија, е слободното формирање на цените. Се разбира, со некои исклучоци, во цел свет има некои исклучоци, но тие исклучоци мора да бидат толку малку, за да не се наруши принципот слободно формирање на цените.

Трети принцип е слободно движење на стоката, на луѓето, на капиталот и т.н.

Четврто, постојано зборуваме, но не правиме така, еднаквост пред законот на сите субјекти, стопански, на сите граѓани, еднаквост пред правните норми на секоја држава.

Петто, елиминирање на бројни исклучоци, кои што фактички, ги рушат основните принципи и затоа и светски експерти кога доаѓаат овде велат, кога ги работиме законите за даноците, сите треба да плаќаат даноци. Сите даночни обврзници, треба да плаќаат даноци. Без исклучоци. Друго е прашањето на висината на даноците. Сите треба да плаќаат царина, кога увезуваат нешто.

Значи, секој стопански субјект е должен да плати царина. Ако има исклучоци, има дискриминација. Ако има малку исклучоци, има мала дискриминација, ако има многу исклучоци, има голема дискриминација.

Правичност при оданочувањето, правичност при царината, не случајно даноците кои порано беа разновидни, со многу стапки, не натераа да ги сведеме на две стапки. На една општа стапка, сега рековме со данокот за додадена вредност ќе биде 19% и една споредна, како исклучок, од 5%. Порано имавме многу шареноликост на тој план.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Исто така и царините не натераа, главно да ги сведеме на една општа стапка, со некои исклучоци, не натераа да ја намалиме и не натераа да важи таа стапка за сите.

За да функционира една пазарна економија, почитувани пратеници, за да имаме слобода на стопанските субјекти, треба да ги елиминираме дискреционите права на државните службеници на државните функционери, затоа што со тие дискрециони права, се нарушува еднаквата

положба на стопанските субјекти и се нарушува еднаквата слобода на граѓаните.

Затоа што, со дискрециони права, кои се вметнуваат во законот, се нарушува пазарот, се врши негова дисторзија, се нарушува слободата на цените. Ако едни стопански субјекти, формираат цена под еднакви услови, други стопански субјекти, тогаш нема слободно формирање на пазарот и нема слободно формирање на цените, нема еднаква положба на сите стопански субјекти, а да не зборувам дека дискреционите права, кои што се вградуваат во законите, се најдобриот начин за стимулирање на корупцијата во државата.

Ако вградуваме вакви одредби, верувајте, ние ја стимулираме корупцијата во државата. Државните чиновници, користејќи ги тие дискрециони права, нема да одлучуваат во согласност со општиот интерес. Некои ќе одлучуваат и покрај нив, но, ќе одлучуваат во согласност со својот личен интерес, ќе одлучуваат во согласност со интересот на групата, ќе одлучуваат во согласност со интересот на партијата, на последно место ќе дојде општиот интерес и еднаквоста на граѓаните, еднаквоста на стопанските субјекти.

Во случајот, јас нема да навлегувам во бројните измени на Законот за царините. Има многу подобри познавачи и за техниката и за многу други прашања од овој закон. Меѓутоа, ако остане членот 24-а, кој што вели дека Владата на РМ, може во согласност со макроекономската политика на развојот во тековната година да определи царински контингент, за увоз на определени стоки, бидејќи можат да се увезат без царина, или со плаќање на царина по стапка, која што е пониска од определената царинска тарифа.

Ова значи нарушување на еднаквоста на стопанските субјекти. Ова значи големо дискреционо право на владините чиновници, ова значи атак врз пазарната економија. Ова значи отворање на вентил. Многу стопански субјекти, наместо да мислат на работата, да мислат како да фаќаат врски со владините чиновници, функционери, министри, како тие да бидат тие, што ќе добијат царински контингент, без царина или со пониска царинска тарифа. И бидејќи, на едни ќе им се одобри, на други нема да им се одобри, каде е еднаквоста на исти субјекти, за иста стопанска дејност, во тој случај. Што ќе стане, ако еден голем контингент, се увезе без царина, а некој друг субјект, тоа не може да го добие. Тој друг субјект, ќе треба да го стави клучот на врата, да ја затвори својата фирма.

Значи, овој член го растура буквално целиот закон. Не вреди ниту една измена во овој закон, ако остане овој член. Затоа што, овој член е нешто видено во нашата практика: претходна социјалистичка и полу социјалистичка, анти пазарна и полу пазарна и т.н.

Овој член, предлагачот треба да го избрише веднаш и не смеел да си го дозволи. Не смеел да дозволи ваков член. Затоа што, совршено е јасно дека преку овој член ќе има бројни манипулации.

Повелете, проверете го овој член, со експертите од странство, и дајте ни писмено дека ви одобруваат да бидат овој член вграден во законот, бидејќи често пати се повикувате на мислење од странски експерти, кога нема доволно аргументи овде да се одбрани нешто, со сопствените сили, со сопственото знаење и со сопствениот ум, повелете, дајте писмена согласност од било кој од овие консултанти што ги имате, дека овој член е во согласност со пазарната економија, со еднаквоста на стопанските субјекти. Нема да го добиете тоа. Ако ова не го избришете, ова е свесно вградување на елементи во законот, преку кои однапред се планира, да се прават манипулации, да се делат пари меѓу државни чиновници и субјекти и функционери, да се елиминираат други стопански субјекти, кои што инаку можат и подобро да работат, отколку тие што ќе им се даде увозниот контингент со царина или со помала царина, отколку што е пропишано.

Значи, мојот апел е, бришете го ова, ако сакате, да не направите голема брука, да не се зголеми бројот на министрите и на службениците кои што ќе дојдат на дневен ред на анкетните комисии, за корупција.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Петар Гошев.

За збор се јави господинот пратеник Трајков Горанчо.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас би сакал како член на Комисијата за економска политика и развој, да дадам едно кратко образложение на предложениот амандман, во врска со дозволите за добивање контингенти.

Најпрво, евидентна е појавата на злоупотреби, при добивањето на овие контигенти и не ретко во минатото се случувало во минатото да се добиваат контингенти за производи, кои не само што ги нема во државата, туку истите останувале непродадени токму од присуството на ваква роба влезена во државата под овластени

услови, што значи создавање на нелојална конкуренција. Ова е едната работа и ова е факт кој што стои и што не можеме да го заобиколиме.

Меѓутоа, од друга страна, не можеме да го оспориме и фактот дека во одредени случаи ваков увоз што значи еден добро испланиран увоз на одредени производи, може да го стимулира домашното производство. Сега се најдовме во една ситуација да бараме некаква средина и мислам дека токму овој амандман ја дава таа средина, бидејќи во законот точно се прецизира дека може да се добие контингент за стока која што не се произведува во Република Македонија, или се произведува во обем кој што не ги задоволува потребите.

Затоа сметам дека сите оние манипулации кои што се правени со Законот, бидејќи тој член стои во стариот закон, исти како што е предложен во основниот текст, со овој амандман сметам дека, доколку биде прифатен од Министерството, од предлагачот, квалитетот на текстот ќе биде подобрен во овој дел и дека злоупотреби од таков вид како што имавме до сега нема да има повеќе. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Трајков Горанчо.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Исмет Рамадани. Повелете.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

И претходните дискутанти, господине потпретседателе, почитувани колеги, кажаа дека сите овие измени и дополнувања се измени кои на еден начин или сакаат да го камуфлираат или да го оправдуваат дополнувањето, односно измената во член 24-а. Тоа се царински контингенти. Јас нема да должам, само едно морам да ви кажам дека ние и како пратеници, дали е од опозиција, а повеќе од позиција, дали како Влада, како министри и т.н., априори, со оваа измена веќе се ставаме во категорија на луѓе кои понатаму ќе манипулираат со оваа категорија што значи царински контингент. Морам да ви кажам, од искуство, дека сите тие на еден начин, кои партиципирале во власта и сите тие кои биле пратеници и на тие кои партиципирале во власта и сите тие кои партиципираат сега и се во власта, односно во Владата, априори од граѓаните ќе го носат тој товар на компромитација што значи компромитирање. Дали тоа ќе бидат пратеници, дали тоа ќе бидат министри, дали тие ќе бидат луѓе блиски до Владата, во Владата и т.н., ова е еден печат ставен до сите тие што се до Владата, во Владата, во Парламентот и т.н. Морам да ви кажам дека, тука со ова ќе настрадаат, со оваа етикета и многу чесни луѓе, чесни пратеници, чесни министри, затоа што од граѓаните не може и нема да се прави никаква дистинкција, дека овој се занимава со контингенти, тој не се занимава со таа работа.

Мислам дека си правиме многу лоша услуга на самите себе во овој случај, посебно ова ќе ги засегне пратениците од позиција и нормално луѓето кои непосредно ќе бидат вовлечени во самата Влада. Јас многу не ги разбирам тие термини, односно таа терминологија, економска во овој случај, но сакам да верувам во тоа што го кажа господинот Гошев, дека навистина ќе се најдеме во ситуација, посебно сега, кога и така со многу оправдување и на големо се зборува дека има корупција, дека има организиран криминал. Со ова веќе, дури и да нема понатаму, мислам дека навлегуваме сами во ова и од тој начин кога и априори ќе кажат граѓаните дека веќе сме ставени, односно ќе бидат ставени луѓето во оваа категорија на луѓе кои можат да дојдат многу полесно или непосредно, користејќи го и дискреционото право што им се дава на тие кои непосредно ќе се занимаваат со оваа работа.

Што да кажам за тие кои во овој случај во самата конкуренција веќе се губи веќе таа лојалност и приоритети најверојатно ќе добиваат тие луѓе кои ќе бидат врзани со власта.

Како сакате, постапувајте, меѓутоа ова е една обврска на која јас апелирав дека и самите пратеници од позицијата за ова не би требало да се сложат, односно да не ја поддржат оваа измена, односно едно вакво дополнување во законот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, пред да го заклучам претресот по законот, ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, за да можеме да гласаме по овој закон.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, за гласале 63 пратеници, воздржани се 8, а

против 6.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, 64 се за, 6 воздржани и 4 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 5 за бришење на став 2 и став 3, на член 15 во новиот член 24-а став 1 и на член 114 став 1, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани за бришење на член 4 и на член 5 став 1, за бришење на член 15 и за бришење на член 52 по кои Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 9, член 16, член 26, член 27, член 43 став 2 и за менување на став 3, за менување на член 52, член 56 став 3, член 61 став 2 и 4, член 72 во новиот член 76-а став 1, 3 и 5, член 94 во воведната реченица на став 2 и на член 166,со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Чедо Петров поднесе амандман на член 15 во новиот член 24-а став 2,по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Прангоски се приклучува кон поднесувањето на овој амандман.

Пратениците Чедомир Краљевски, Жарко Караџоски и Хисни Шаќри поднесоа амандман на член 89 за менување на став 1,по кој Владата не се произнела.

Пратениците Амди Бајрам и Ристо Спанаков се приклучија кон подносителите на овој амандман.

Пратеникот Сејфедин Харуни поднесе амандман на член 147 за додавање на нов став 4 по ставот 3 и истиот го повлече.

Пратеникот Сејфедин Харуни поднесе нов амандманот на членот 147 за додавање на нов став 4 по ставот 3, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ристо Спанаков и Алија Шахиќ поднесоа амандман на член 149 во воведната реченица и за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2 и истиот го повлекоа.

Пратениците Алириза Лога, Илија Прангоски, Рубенс Наумовски поднесоа амандман на член 15 во новиот член 24-а став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Прангоски се повлече како подносител на овој амандман.

Пратениците Оломан Сулејмани и Алија Шахиќ поднесоа амандман на член 149 во воведната реченица и за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Радомир Карангелески и Ристо Спанаков поднесоа амандман на член 148 за додавање нов став 4 по ставот 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4 и на член 5 по ставот 1, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став 2 и став 3, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 15, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за 20, воздржани 7, а против 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 15, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Отворам претрес по амандманот на член 15 во новиот член 24-а, став 1 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 во новиот член 24-а став 2, поднесен од пратеникот Чедо Петров и Илија Прангоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 во новиот член 24-а став 2, поднесен од пратеникот Алириза Лога и Рубенс Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Не се прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот хо ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, за 29, воздржани 6 и 42 пратеници против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 во новиот член 24-а став 2, поднесен од пратениците Алириза Лога и Рубенс Наумовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 52, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа од едноставна причина што истиот беше предмет на разгледување во ЗПК и таму е направена една модификација на содржината на овој член.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, 16 се за, 9 воздржани, а 48 пратеници против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 52, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Отворам претрес по амандманот на член 89 за менување на став 1, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Жарко Караџоски, Хисни Шаќири, Амди Бајрам и Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 114 став 1, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 147 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 148 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Радомир Карангелески и Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 149 во воведната реченица и за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани и Алија Шахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер на министерот за финансии г-динот Марковски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, 29 се за, воздржани 7, а 35 пратеници против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 149 во воведната реченица и за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, поднесен од пратениците Оломан Сулејмани и Алија Шахиќ.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Збор побара г-динот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дозволете во име на пратеничката група на СДСМ, да го изразам ставот како ќе гласаме по овој закон.

(Реакции во салата).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Деловнички има право секој пратеник или пратеничка група да се произнесе. Повелете.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Пред да се пристапи кон конкретното гласање на законскиот текст, би сакал да го изразам ставот на Пратеничката група на СДСМ како ќе гласа по овој закон, бидејќи мислам дека го имам ова право според Деловникот на овој Парламент.

Колегите не треба да се бунат ако го искажам нашиот став.

Нашиот став беше, до колку се прифатат амандманите предложени и усвоени на Комисијата за финансирање и буџет, а тоа беше да не се воведува повторно членот 24-а или измените во членот 15 на предложениот законски текст и до колку не се прифати амандманот за враќање на слободните царински продавници, да го подржиме текстот на овие измени на законот.

Бидејќи мислам дека и покрај моите првобитни укажувања во општиот претрес по овој закон, имаше доста позитивни амандмани што, на крајот на краиштата доста ја подобруваат содржината на самиот закон. Меѓутоа, враќајќи ги овие два антиреформски членови во, веќе еднаш потврден и признат реформски закон во сферата на економијата, мислиме дека само се одалечуваме а никако не се приближуваме кон Европското законодавство, СДСМ ќе се изјасни против донесувањето на овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

(Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеник, 60 за, 5 воздржани и 16 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 37-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 15,45 часот).